**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Назив на предлог законот: | Предлог на Закон за јавно здравје |
| Министерство: | Министерството за здравство |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Ангелина Бачановиќ и Јованка Костовска |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Ноември 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви: | |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата** ( забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронски регистар на прописи) |

**А. <u>Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. Кои се главните проблеми?

Материјата што се однесува на прашањата поврзани со јавното здравје (здравјето на населението) е уредена со повеќе прописи од различни области, кои меѓу другото имаат за цел заштита на здравјето на населението/луѓето. Така, прашањата за јавно здравје е уредено со прописите од областа на здравствената заштита, животната средина, безбедноста на храната, безбедноста на производите, отпадот, водите, отпадните води, домувањето, урбанистичкото планирање и сл. Ниту во еден закон не се дефинирани основните јавно здравствени функции и улогата на државата во обезбедување на услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението, мултидисциплинарната основа и меѓусекторска соработка, сеопфатноста на мерките и активностите кои треба да се насочени кон целото население и кон социо - економските детерминанти на здравјето и факторите на ризик, партнерството со населението, специфичната улога и позиција на постојните заводи за здравствена заштита (центри за јавно здравје) и РЗЗЗ (Институт за јавнои здравје на Република Македонија) во областа на јавното здравје. Финансирањето на овие јавни здравствени установи односно прашањето на обезбедувањето на средствата за извршување на јавно здравствените функции во државата, исто така, треба соодветно да се реши. Моменталната состојба е таква што истите се финансираат преку програмите за превентивна здравствена заштита што секоја година ги донесува Владата на РМ, од средства добиени од ФЗОМ за здравствени услуги кои се укажуваат на осигурените лица (лабораториски услуги), од приходи добиени по основ на услуги на други физички и правни лица (лабораториски анализи на храна, вода за пиење, здравствено-хигиенски прегледи на вработени и др), истражувачки и други проекти и сл. Произлезе и потребата од дефинирање на задачите на овие институции, а особено на јавно здравствените задачи и поставеноста на истите како хоризонтално, така и вертикално функционално поврзување (улогата на Институт за јавно здравје на РМ/ РЗЗЗ и поврзаноста со десете регионални заводи за здравствена заштита/центри за јавно здравје).

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторони или нерегулаторони мерки би можеле да се разгледаат?

Донесување на рамковен закон за јавно здравје со кој ќе се:
- дефинираат основните јавно здравствени функции
- уредат одговорностите на државата во оваа област

- дефинираат основните начела на кои се заснова јавното здравје
- утврди односот со другите прописи со кои се уредуваат одредени прашања поврзани со јавното здравје
- дефинираат задачите на Институтот за јавно здравје (РЗЗЗ) и центрите за јавно здравје (заводите за здравствена заштита),
- воспостави национален совет за јавно здравје и утврди неговиот состав
- уреди меѓуопштинската соработка во оваа област
- уреди постапувањето при вонредни јавно здравствени околности (епидемии, катастрофи, кризи, и сл),
- уреди финансирањето на јавно здравствените задачи.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   Во процесот на проценка на влијанието на регулативата односно во процесот на консултации ќе бидат вклучени:
   - како членови на работната група за подготовка –преставници од центрите за јавно здравје, Институт за јавно здравје на РМ, Заводот за мајки и деца, преставници на релевантните сектори од Министерството за здравство
   - работни средби/ работилници (5) за подготовка на Предлогот на Законот - преставници од центрите за јавно здравје, Институт за јавно здравје на РМ, Заводот за мајки и деца, преставници на релевантните министерства (финансии, животна средина, земјоделство,шумарство и водостопанство, локална самоуправа, и др) , релевантните сектори од Министерството за здравство, Македонско лекарско друштво, Здружението по социјална медицина, Лекарска комора на Македонија и
   - завршна работилница со преставници на релевантните министерства (финансии, животна средина, земјоделство,шумарство и водостопанство, локална самоуправа, и др) и пратеници од Комисијата за здравство на Собранието на РМ.

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

1. Кои информации и податоци се веќе достапни

   Направена е анализа на функционирањето на досегашните заводи за здравствена заштита во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор. Обезбедени се прописи кои ја уредуваат оваа материја од други држави во регионот и Европа.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Дополнителни информации се обезбедуваат за финансиото работење и структурата на трошоците од центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на РМ, за да се споредат со анализата направена од странскиот консултант.
   Ангажиран е странски и локален консултат за подготовка на текст на Закон за јавно здравје.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална проценка

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Не. На планираните работилници ќе учествуваат преставници на релевантните министерства (финансии, животна средина, земјоделство,шумарство и водостопанство, локална самоуправа, и др) ,

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси** (забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

## В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите за проценка на влијанијата на регулативата започнаа во 2007 година и се одвиваа се до поднесувањето на Образецот за иницијална проценка на регулативата.
2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии,собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   Финансиски средства за ангажирање на надворешни консултанти се обезбедени од средствата од Проектот за управување со здравствениот сектор. Процесот на дефинирање на задачите, набавка и договарање е отпочнат на крајот на 2006 година.
3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Крајот на месец октомври 2009.

## Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?

   На проценката и на финализирање на предлогот на законот ќе работат постојните човечки ресурси во Министерството за здравство, преставници од ЈЗУ центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на РМ, преставници на релевантните министерства (финансии, животна средина, земјоделство,шумарство и водостопанство, локална самоуправа, и др), преставници од Македонско лекарско друштво, Здружението по социјална медицина и Лекарска комора на Македонија со помош и на надворешни странски и локален консултант.